# П Р А В И Л Н И К

За спроведување јавно усно наддавање за оглас за добивање локација со право на поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Дојран

1. Право на учество на усното јавно наддавање имаат сите физички и правни лица под услови утврдени со јавниот оглас кои доставиле понуди и ги исполниле условите утврдени во објавениот оглас.
2. Секој учесник во усното јавно наддавање, може да учествува во наддавање за една или повеќе локации доколку ги исполнува условите за учество во јавното наддавање.
3. Комисијата во рок од 24 часа по истекување на рокот за поднесување на пријавите за учество, ги известува подносителите за комплетираноста на истите по електронски пат и ги информира за денот и часот на одржување на усното јавно наддавање на нивна контакт адреса наведена во понудата како и на и веб страната на општина Дојран.
4. Јавното наддавање ќе се одржи и доколку по објавата се пријавил и само еден понудувач кој ги исполнува условите наведени во огласот и ја наддаде почетната цена.
5. Постапката за спроведување на јавно наддавање ја отвора Комисијата со утврдување на идентификација на учесниците во наддавањето (лична карта, пасош, писмено овластување односно полномошно заверено на нотар), што ги исполниле условите на учество во јавното наддавање.
6. Усното јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена за предметната локација по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.
7. Наддавањето за понудените локации ќе се врши “чекорно” со зголемување на вредноста со секој “чекор” не помалку од 1,00 денари, а не повеќе од 10,00 денари.
8. Јавното наддавање се смета за завршено доколку по објавување на комисијата за последната постигната цена и по третиот повик никој од понудувачите не понуди цена повисока за еден чекор од претходно понудената.
9. За најповолен понудувач ќе се смета учесникот на јавното наддавање кој што понудил последна цена по метар квадратен која што претставува највисока цена постигната на јавното наддавање. Со најповолниот понудувач ќе се склучи договор.

Комисија за спроведување на јавно наддавање за<br>доделување локации за поставување урбана опрема на<br>подрачјето на Општина Дојран